# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 28 -та седница одржана на ден 29 Февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-4042/1 од 26.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – физичко лице, а со која се изразуваат сомневања за злоупотреби на службената положба и овластувањата од службени лица вработени во ----------------------------------- - во врска со недвижен имот кој се наоѓа на територија на општина ------------------- СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-4042 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 4042/1 од од 26.08.2019 година.

Предметот со број 12-4042 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави на адресата назначена од подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-4042 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-4042/1 од 26.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице - ------------- од -------------.

Подносителот на пријавата со истата се претставува како полномошник на свои роднини кои се на привремена работа во странство, а полномошно за настапување во име на истите не доставува.

Пријавата содржи наводи за злоупотреби на службената положба и овластувањата од службени лица вработени во -------------------------- - во врска со недвижен имот кој се наоѓа на територијата на општина ------------------ по однос на кој се наведува дека е сопственост на негова роднина/стрина - врз основа на постапка за утврдување на статус на бесправно изграден објект во која постапка од општина ----------------- било/е донесено Решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект предметот ------------ од ------------ година на барателот ------------------ со стан на ул. ----------- бр. ---, -------------.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, за утврдување на целосна фактичка состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

информации од ------------ при општина --------- – --------.

Последователно, од доставениот одговор на барањето за податоци и информации Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наводите по однос на постапката за утврдување на статус на бесправно изграден објект се потврдуваат, односно дека се работи за недвижен имот со кој во сопственост врз основа на Решението ---------------- од ------------ година се стекнало лицето барател - ----------------- со стан на ул. ----------- бр. -----, ----------. На непосреден начин - од одговорот доставен од општина ----------------- Државната комисија констатира дека лицето ----------------- е починато, па оттаму и врз основа на утврденото Државната комисија за спречување на корупцијата не се впушти во оценка и проверка на останатите наводи на подносителот, со оглед на тоа што се работи за имот за кој сопственикот ----------------------------, за време на животот, имал неограничено право на располагање, вклучително и право на склучување на договор за подарок, како што е наведено од подносителот на пријавата.

Од доставениот одговор на барањето за податоци и информации од општина ----------------- Државната комисија за спречување на корупцијата посредно утврди и дека лицето подносител на пријавата е сега починато лице, па оттаму и утврди да се изврши обид за поштенска достава на од него назначената адреса за прием на писмена.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Февруари 2020 година под бр. 12-134/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**

Доставено до:
- Архива
- Подносител

По Заклучок на ДКСК
Изработил Христина Мишевска, Советник
Одобрил Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk